РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-711/3
27-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3176/1 од 19.12.2024 година оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за денационализација на земјиште заведено на катастарската парцела која се наоѓа на место ------------------- и на катастарска парцела која се наоѓа на место викано црквата --------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Со оглед дека пријавените наводи се од поширок јавен интерес, ДКСК одлучи предметот со целокупната прибавена документација да го достави на натамошно постапување на друг надлежен орган -Јавното обвинителство на Р.Северна Македонија.

Предметот со број 12-3176/1 од 19.12.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

ДКСК постапува по предмет оформен по пријава со број 12-3176/1 од 19.12.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за денационализација на земјиште заведено на катастарската парцела со број КП------/--, која се наоѓа на место ------------------- и катастарска парцела со број КП------/--, која се наоѓа на место викано -------------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата е наведена хронологија на случајот, каде се наведува дека почеток на проблемот е во премерот во 1961 година, кога топографското означување на --------------------- и црквата „-----------------" се спротивни од податоците од пописните листови. Ваквата состојба се провлекува се до 2010-2011 година, кога МПЦ-ОА станува сопственик на „--------------" и околната шума со решение за денационализација, но стекнува сопственичко право и врз планинарскиот дом, токму врз основа на евиденцијата на спорниот премер пред педесетина години. Федерацијата на --------------------- кон крајот на 2017 година го легализирала катот и поткровјето на планинарскиот дом со површина од 141, односно 101 квадратен метар, кои се во нивна сопственост врз основа на одлука на Општина ---------- за легализација на бесправно изградени објекти. Покрај тоа, федерацијата извадила имотен лист и за придружни објекти за кои поседува градежно-техничка документација, како пречистителната станица, терасата која претставува платформа над вода итн.

Посочени се наводи за сомневање за незаконски дејствија преземени од членовите на Комисијата за одлучување по барања поднесени од верски старешини на верски заедници во РСМ која постапила спротивно на член 10 од Уредбата за постапката за денеционализација со тоа што не го известила Државното правобранителство на РСМ (Решение ПИ бр. ----------- од 10.10.2023 г), а во решението за денационализација внесени се податоци со невистинита содржина. Се наведува дека во текот на постапката за денационализација на посочените две парцели, од страна на Комисијата која постапувала по барањата за денационализација не биле утврдени релевантни околности и не биле прибавени докази за утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај. Како што е наведено во пријавата, за да се овозможи денационализација, планинарскиот дом во документите лажно бил преименуван во „манастирски конак", иако никогаш немал таква функција. Црквата имала обид да стане сопственик и на цел објект, иако тој никогаш не бил црковен објект и за него не поседува никаква градежно техничка документација, наспроти Федерацијата на ------------------------------------, која, според нив, поседува одобрение за градба за објектот од 1966 година.

Имајќи го предвид дека пријавените наводи се однесуваат на земјиште и објекти кои се наоѓаат на локација од поширок јавен интерес, како и фактот дека во пријавениот случај се опфатени повеќе лица кои биле вклучени во одлучување во различни постапки кои се воделе пред надлежни органи (членови на Комисија за денационализација, службени лица Агенцијата за катастар на недвижности и други службени лица) и наводите се однесуваат на дејствија за чие произнесување потребно е стручно мислење од други институции, дотолку повеќе што самиот пријавител во пријавата бара кривична одговорност за сите посочени лица, ДКСК оцени дека постојат основи предметот со прибавената документација да ги достави на надлежно постапување на друг надлежен орган - Јавното

обвинителство на Р.Северна Македонија, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК